


СОКОМ

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Доделување на наградите на СОКОМ
Модератор: Татјана Грковска

## КОНЦЕРТ НА ГУДАЧКИОТ ОРКЕСТАР „АЈГА“ СО СОЛИСТИ

## Диригент: Ана Спасовска

31 октомври 2022, понеделник 20:00
Камерна сала на Филхармонија

## ПРОГРАМА:

**Љупчо Константинов**
**„ЗАМИНУВАЊЕ ОД ПАСКВЕЛИЈА"**
**фрагмент/оркестрација од музиката за истоимениот ТВ-филм за соло виолина и гудачки оркестар (1992/2022)**
**Соло виолина - Владимир Костов**

**Стојан Стојков**
**„ЈАС" за гудачки оркестар (1997**

**Тодор Скаловски/орк.Ристо Аврамовски**
**„ЗАЛЕЗ" - за англиски рог и гудачки оркестар**
**Соло англиски рог - Маја Чанаќевиќ**

**Александар Пејовски**
**„МИМИ"**
**свита од музиката за истоимениот игран филм за гудачки оркестар, пијано и челеста (2022)**
**Елена Атанасовска Ивановска – пијано**
**Ивона Базгалоска – челеста**

**Љупчо Константинов**
**„ЦРВЕНИОТ КОЊ"**
**фрагмент/оркестрација од музиката за истоимениот игран филм за соло хорна и гудачки оркестар (1981/2022)**
**Соло хорна - Горан Јанев**

**Љубомир Бранѓолица**
**„ДВЕ АНТИЧКИ ПЕРЛИ"**
**за гудачки оркестар (2001)**

" **АНА СПАСОВСКА** е една од моите најдобри студенти, родена диригентка"– напиша Маестро Урош Лајовиц за неа. Таа започнува да свири виолина на 9 годишна возраст. Нижото и средно музичко образование ги завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски- Луј" во Скопје, во класата на Проф. Александра Младенова. Своите студии ги продолжува на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на Професорот Олег Кондратенко. Во текот на своето музичко образование Ана учествува и освојува први и втори награди на државните натпревари по виолина во соло категорија, како и специјални први награди во категорија камерна музика. Како солист, Ана зема учество на голем број концерти, проекти, музички манифестации и фестивали меѓу кои се „Охридско лето", „Скопско лето"„ „Виолин фест", „Денови на македонската музика". Во 2015 година беше дел од „Младински супер оркестар" со кој настапува во Љубљана и Белград. Од 2016 година Ана редовно настапува на концертите на младинскиот камерен оркестар „Македонска музичка младина". Учествува на семинарите по виолина под раководство на Професорот Олег Кондратенко (2016, 2017, 2018, 2019); Јова Јорданова (2014); Емилио Перцан (2014, 2015, 2016); и семинарот за барокна музика кај Саболч Илеш во 2017 година. Од 2018 година е дел од оркестарот „FAMES". Во 2018 година Ана започнува да студира и втор отсек на Факултетот за Музичка уметност во класата на Маестро Борјан Цанев. Како студент настапува со симфонискиот оркестар на ФМУ. Од 2019 година активно учествува на семинарите по диригирање на Маестро Урош Лајовиц во Дубровник и Пловдив. Таа дебитираше со Дубровачкиот Симфониски оркестар во 2019 година, а неколку месеци подоцна застана зад диригентскиот пулт на Државната Опера во Пловдив. Нејзината соработка со Маестро Лајовиц продолжи и во 2020 година, повторно во Дубровник. Во 2021 година за првпат диригира со оркестарот на Музичка младина на Македонија. Таа е диригент на "Скопски Брас фестивал" ,каде настапува со Македонскиот брас ансамбл и светски познати солисти како: Ѓорѓи Гивичан, Младен Ѓорѓевиќ и други. На 22 години Ана дебитира и остварува неколку концерти со оркестарот на Македонската филхармонија како студент. Како виолинист и диригент е дел од European performing instutute- Fames, и воедно беше асистент диригент на познатиот Британски диригент Тимоти Редмонд. Ана е победник на првиот интернационален семинар и натпревар за диригенти во Сегед, Унгарија од каде добива покана за соработка во сезоната 2023/2024. Во Октомври 2022 беше дел од Алегра фестивалот во Софија, Бугарија остварувајќи соработка со Професорот Рудигер Бон (Дизелдорф) и оркестарот составен од музичарите на Софиска Филхармонија и Оркестарот на Бугарското национално радио.

**ВЛАДИМИР КОСТОВ** е роден во Битола, а дипломира и магистрира на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф.Михајло Куфојанакис. Усовршувањето го продолжува кај повеќе истакнати педагози, меѓу кои: Сихана Бадивуку, Благоја Димчевски, Корнелија Бронзети, Ирина Бочкова, Наталија Пришепенко. Членувал во Светскиот симфониски младински оркестар и оркестарот „No Borders". Покрај солистичите настапи, особен афинитет негува кон камерната музика, членувајќи во ансамблот за современа музика „Алеа", камерното студио за барокна музика „Бахус", квартетот „Бревис". Настапува како солист со Македонската филхармонија и Камерниот оркестар и на повеќе фестивали и манифестации во Македонија, Украина, Германија, Австрија, Велика Британија, Србија, Бугарија, Хрватска, Полска и др. Основач е на клавирското трио ВАМ, а свирел и во ансамблот за современа музика „КонТемпора", и во многу други камерни формации. Основач е на фестивалот за млади виолинисти „Виолин фест". Моментално работи и како вонреден професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

**МАЈА ЧАНАЧЕВИЌ** е родена во Скопје каде што го завршува средното музичко образование и Факултетот за музичка уметност. Дипломира обоа во класата на проф. Гордана Јосифова-Неделковска на ФМУ во Скопје. Веднаш по дипломирањето, ги завршила и постдипломските студии по културен менаџмент, а магистрирала и во областа на музичката уметност во класата на проф. д-р Владимир Лазаревски. Инструментот обоа го усовршувала и кај светски признатите обоисти Пол Домбрехт и Давид Валтер. Почнувајќи од периодот на студиите па сè до денес, настапувала како солист или, пак, како член на камерни оркестри на сите фестивали во Македонија, но и надвор од неа. Како солист настапувала во Холандија, Украина, Босна и Херцеговина, Турција, Унгарија, Косово, Бугарија, Србија, САД итн... Има остварно и повеќе аудио и видеоснимки. Постојан член е на камерното студио „Бахус", камерниот ансамбл „Консонанс", оркестарот F.A.M.E.'S.итн. Во 2011 година, беше одликувана со Медал за посебни заслуги во областа на културата и уметноста, доделен од државата Полска, медал кој многу ретко се доделува на странци. Одликувана е и со националниот Медал за посебни заслуги и придонес кон македонската култура, доделен од Бигорскиот манастир.Во 2018 година, по предлог на француското Министерство за култура, одликувана е со највисокото признание кое го доделува Франција во областа на културата и уметноста –Витез од редот на уметноста и книжевноста. Во рамките на својата уметничка дејност, продолжува да твори и да ја промовира камерната музика и музиката пишувана за овој редок инструмент (англиски рог). Во периодот 2007 – 2017 година, во три мандати беше директор на Македонската филхармонија.

**ГОРАН ЈАНЕВ** е роден во Гевгелија, а дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Магистерски студии посетува на факултетот „Франц Лист" во Вајмар, Германија. Од 2002 до 2006 година работи како хорнист во Турингскиот симфониски оркестар во Германија. Од 2006 година е прва хорна во Националната опера и балет. Горан е редовен хорнист во оркестарот за филмска музика – F.A.M.E.S., уште од основањето на истиот. Повеќе од 10 години паралелно свири и во Филхармонија како прв хорнист. Дел е од многу камерни состави како Брас квинтет на „МОН", дувачкиот квинтет на ансамблот "КонТемпора" и многу други со кои настапува активно во и надвор од Македонија.